Уп. бр. 08-27

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од КОФОРГЕ ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на Парцела бр. 13, Удјог Вихар, Фаза-IV, Сектор-18, Палам Роуд, Гуруграм, Харајана, Индија 122015, преку Дејан Кнезовиќ, адвокат од Адвокатско друштво Кнезовиќ и соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 18.02.2026 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која КОФОРГЕ ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на Парцела бр. 13, Удјог Вихар, Фаза-IV, Сектор-18, Палам Роуд, Гуруграм, Харајана, Индија 122015, ќе стекне контрола над ЕНКОРА САД ХОЛДКО, ИНЦ, со регистрирано седиште на Ц/О Корпорејшн Траст Центар, улица Оринџ бр. 1209, Вилмингтон, Њу Касл, Делавер 19801, САД и ЕНКОРА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на Ц/О Мејплс корпорејт сервисес лимитед, поштенско сандаче 309, Угланд Хаус, Саут Черч Стрит, Џорџтаун, Гранд Кајман, KY1-1104, Кајмански Острови, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.01.2026 година, а дополнето на 03.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од КОФОРГЕ ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на Парцела бр. 13, Удјог Вихар, Фаза-IV, Сектор-18, Палам Роуд,

Гуруграм, Харајана, Индија 122015, ќе стекне контрола над ЕНКОРА САД ХОЛДКО, ИНЦ, со регистрирано седиште на Ц/О Корпорејшн Траст Центар, улица Оринџ бр. 1209, Вилмингтон, Њу Касл, Делавер 19801, САД и ЕНКОРА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД, со регистрирано седиште на Ц/О Мејплс корпорејт сервисес лимитед, поштенско сандаче 309, Угланд Хаус, Саут Черч Стрит, Џорџтаун, Гранд Кајман, KY1-1104, Кајмански Острови.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

КОФОРГЕ ЛИМИТЕД е акционерско друштво и е глобален снабдувач на технолошки услуги и решенија, кој ги користи новите технологии и длабинската експертиза во доменот за да обезбеди влијание врз реалниот свет на бизнисот за своите клиенти. Фокусот на одбрани индустрии, длабинското разбирање на основните процеси на тие индустрии и партнерствата со водечките технолошки платформи, му овозможуваат на Кофорге да биде доверлив партнер на своите клиенти во нивните иницијативи за трансформација. Кофорге е лидер со својот пристап кон инженерството на производи и ги користи технологиите за вештачка интелигенција, cloud, податоци, интеграција и автоматизација за да ги трансформира бизнисите во интелигентни претпријатија со висок раст.

КОФОРГЕ ЛИМИТЕД нема поврзана друштва регистрирана во Северна Македонија и не остварува никаков промет во Северна Македонија.

ЕНКОРА САД ХОЛДКО, ИНЦ, Соединетите Американски Држави и ЕНКОРА ХОЛДИНГС ЛИМИТЕД, Кајмански Острови се дел од ЕНКОРА Групата.

ЕНКОРА Групата е група за технолошки услуги основана со оперативен модел базиран на вештачка интелигенција, која обезбедува инженерски услуги за претпријатија од листата „Форчун 1000“ и за дигитални компании.
Групата ЕНКОРА моментално има едно поврзано друштво регистрирано во Република Северна Македонија: Друштво за информациско-технолошки услуги ЕНКОРА МК ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица „Филип Втори Македонски“ бр. 3, Соравиа Центар, 2-ри кат, Скопје, ЕМБС 7533489 и со приоритетна дејност 62.100 – компјутерско програмирање.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица

значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**